# Упатство за постапка за добивање на Мислење / Дозвола за наводнување на земјоделско земјиште

Согласно Законот за води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), Дел II.2 (Посебни одредби за користење на водите) дефинирани се две постапки за добивање на мислење/дозвола за користење на вода за наводнување:

1. Постапка за добивање на Мислење за користење на подземни води за наводнување до 1 литар/секунда каде нема систем за наводнување и
2. Постапка за добивање на Дозвола користење на вода за наводнување на земјоделско земјиште со количина поголема од 1 литар/секунда од површински водни тела и подземни води.

## 1. Постапка за добивање на Мислење за користење на подземни води за наводнување до 1 литар/секунда каде нема систем за наводнување (Министерство за животна средина и просторно планирање – МЖСПП).

Согласно горенаведените законски обврски барателот нема обврска да поседува дозвола за користење на вода за наводнување доколку ги исполнува следниве услови:

- Земјиштето да не е опфатено со хидросистем или систем за наводнување;
- Потребните количини на вода за наводнување да не надминуваат повеќе од 1 литар/секунда; и
- Пред копање на бунарот, да обезбеди позитивно мислење од органот на државната управа надлежен за вршење на стручни работи од областа на управувањето со водите (МЖСПП).

Со цел добивање на Мислење за користење на подземни води за наводнување до 1 литар/секунда, барателот до Секторот за води, Управа за животна средина при МЖСПП ги поднесува следниве документи:

- **Барање за мислење за користење на подземна вода за наводнување до 1 литар/секунда ;**
  ***Напомена:*** *Унифициран образец на Барање за мислење за користење на подземни води при наводнување до 1 литар/секунда не постои.*

*Барателот самостојно изработува Барање за мислење за користење на подземни води за наводнување до 1 литар/секунда, во кое покрај личните податоци, го наведува и планираниот капацитет на користење на вода за наводнување кој не надминува 1 литар/секунда.*

- **Изјава на барателот;**
  **Напомена:** *Унифициран образец на Изјава не постои. Во изјавата барателот наведува лични податоци од лична карта или податоци за барателот од тековна состојба (доколку барателот е правно лице), каде се наведува и планираниот капацитет на користење на вода за наводнување кој не надминува 1 литар/секунда.*

- **Опис на парцелата и намена и графички приказ на локација на парцела во Gauss-Kruger координати на локацијата на идниот бунар;**
  - **Напомена:** *Опис на парцелата и намена каде се планира бунарот може да се претстави во овој документ или во Барањето за мислење за користење на подземни води за наводнување до 1 литар/секунда;*
  - *Графички приказ на локација на парцелата во Gauss Kruger, барателот може самостојно да подготви, преку АРЕК (AREC) системот на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, како графички или картографски приказ на катастарската парцела каде се планира бунарот со внесени координати или*
  - *Графички приказ на локација на парцелата во Gauss Kruger може да биде изработен од една од овластените геодетски фирми од веб страната на Агенција за катастар на недвижности (www.katastar.gov.mk).*

- **Копија од катастарски план на парцелата на која се планира бунарот;**
  **Напомена:** *Овој документ се обезбедува од Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија.*

- **Имотен лист или (договор за закуп) на парцелата на која се планира бунарот;**

***Напомена:*** *Имотен лист се обезбедува од Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, доколку се доставува Договор за закуп на парцелата на која се планира бунарот, истиот треба да биде заверен на нотар.*

- **Потврда дека земјиштетео не е опфатено со хидросистем или систем за наводнување;**

  ***Напомена:***
  - *Потврда дека земјиштетео не е опфатено со хидросистем или систем за наводнување се обезбедува преку АД Водостопанство на Република Северна Македонија, или*
  - *Доколку овој докумет барателот не го достави, истиот МЖСПП го обезбедува по службена должност.*

- **Пресметка за потребните количини на вода за наводнување да не надминуваат повеќе од 1 литар/секунда и хидро модул за наводнување;**

  ***Напомена:*** *Овој документ го изработуваат и физички или правни лица оспособени за пресметка на потребните количини на вода за наводнување и изработка на хидро модули.*

- **Декларација од производителот/добавувачот за капацитетот на системот за наводнување кој се планира.**

МЖСПП во рок од 30 дена по приемот на Барањето со потребната и комплетна документација, издава Мислење за користење на подземни води за наводнување до 1 литар/секунда.

## 2. <u>Постапка за добивање на Дозвола за користење на вода за наводнување на земјоделско земјиште со количина поголема од 1 литар/секунда од површински водни тела и подземни води</u>

Со цел добивање на Дозвола за користење на вода за наводнување на земјоделско земјиште со количина поголема од 1 литар/секунда од површински водни тела и подземни води, барателот до Сектор за води, Управа за животна средина при МЖСПП ги поднесува следниве документи:

- **Пополнет образец на Барање за дозвола за користење на водите објавено на страната на Министерството за животна средина и просторно планирање;**
  ***Напомена:*** *Унифициран образец на Барање за дозвола за користење на водите може да преземе од официјалната страна на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП),* https://www.moepp.gov.mk/?page_id=17529
  *или да се подигне во тврда копија од архивата на министерството (Прилог 1).*

- **Доказ за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија;**
  ***Напомена:*** *Документот се доставува доколку барателот е правно лице.*

- **Имотен лист и копија од катастарски план или документ со кој се докажува дека барателот е носител на друго стварно право врз парцелата;**
  ***Напомена:*** *Имотен лист и копија од катастарски план се обезбедуваат од Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, или доколку барателот е носител на друго стварно право врз парцелата, доставува документ со кој го докажува другото стварно право врз парцелата.*

- **Основен проект за водостопански објекти и постројки;**
  ***Напомена:*** *Документот треба да е изработен од страна на правно лице кое поседува лиценца за проектирање на водостопански објекти и постројки согласно со Законот за градење.*

- **Ревизија на основен проект за водостопански објекти и постројки;**
  ***Напомена:*** *Документот треба да е изработен од страна на правно лице кое поседува лиценца за ревизија согласно со Законот за градење.*

- **Решение за одобрена студија за оцена на влијанието врз животната средина односно решение за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина издадено од надлежен орган согласно Закон за животна средина;**

***Напомена:*** *Горенавдените документи ги издава МЖСПП или Единицата за локална самоуправа каде се планира користењето на водата за наводнување.*

- **Топографска карта во размер 1:25.000 со координатно позиционирање на местото на изворот на вода;**
  ***Напомена:***
  - *Топографска карта може да изработи барателот самосотјно, согласно податоците од АРЕК (AREC) систетемот на Агенцијата за катастар на недвижности, или*
  - *Овластена геодетска фирма согласно податоците од АРЕК (AREC) систетемот.*

  *Листа на овластени геодетски фирми е објавена на веб страната на Агенција за катстар на недвижности на Република Северна Македонија (www.katastar.gov.mk).*

- **Потврда за исправност на водата односно извештај од лабораториска анализа на водата издадено од стручна установа;**
  ***Напомена:*** *Потврда/извештај изработува лабараторија која е акредитирана за анализа и методи за квалитет на вода за наводнување при Институт за акредитација на Република Северна Македонија (www.iarm.gov.mk).*

- **Елаборат за извршени хидро - геолошки истражувања.**
  ***Напомена:*** *Овој документ го изработуваат лиценцирани лица кои согласно Законот за минерални суровини може да изработуваат ваков тип на документи. Регистарот на лиценцирани лица го води Министерство за економија.*

Министерството за животна средина и просторно планирање во рок не подолг од 3 месеци од денот на приемот на Барањето со потребната комплетна документација издава Дозвола за користење на вода за наводнување на земјоделско земјиште со количина поголема 1литар/секунда од површински водни тела и подземни води.

***Напомена:*** *Потребната документација се доставува во оригинал или копија заверена на нотар.*

**Прилози:**

**Прилог 1 - Образец на Барање за издавање дозвола за користење на водата.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

<table>
<tr><td colspan="4">БАРАЊЕ<br>ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДАТА</td></tr>
<tr><td colspan="4">БАРАЊЕТО ГО ПОДНЕСУВАМЕ ЗА:</td></tr>
<tr><td colspan="2">НОВО БАРАЊЕ</td><td colspan="2">☐ НЕ ☐ ДА</td></tr>
<tr><td colspan="2">ПРОМЕНА НА УСЛОВИТЕ СОДРЖАНИ ВО ПОСТОЈНАТА ДОЗВОЛА</td><td colspan="2">☐ НЕ ☐ ДА</td></tr>
<tr><td colspan="2">ПРОМЕНА НА ТЕХНИЧКОТО РЕШЕНИЕ</td><td colspan="2">☐ НЕ ☐ ДА</td></tr>
<tr><td colspan="2">ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПОСТОЈНА ДОЗВОЛА БР.</td><td colspan="2">☐ НЕ ☐ ДА</td></tr>
<tr><td colspan="4">ДЕЛ 1: ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ</td></tr>
<tr><td colspan="4">1.1. БАРАТЕЛ</td></tr>
<tr><td colspan="4">Внесете податоци за лицето кое е одговорно за почитување на условите во дозволата:</td></tr>
<tr><td>Име и презиме на одговорно лице:</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>Барател</td><td rowspan="2">А) физичко лице</td><td colspan="2">☐ Земјоделец ☐ друго (специфицирајте):</td></tr>
<tr><td></td><td>Внесете име и презиме:</td><td></td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="2"></td><td rowspan="2">Б) правно лице:</td><td colspan="4">☐ трговец поединец ☐ трговско друштво ☐ јавно претпријатие ☐ јавна установа ☐ водостопанство ☐ водна заедница ☐ друго (специфицирајте):</td></tr>
<tr><td>Внесете назив на правното лице (од регистрацијата):</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>Живеалиште/седиште (од регистрацијата):</td><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td>Телефон:</td><td colspan="2"></td><td>E-mail:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Факс:</td><td colspan="2"></td><td></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">1.2. ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ ВО ВРСКА СО БАРАЊЕТО:</td></tr>
<tr><td>Име и презиме:</td><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td>Адреса:</td><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td>Телефон</td><td colspan="2"></td><td rowspan="2">E-Mail:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Факс</td><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td></tr>
</table>

## ДЕЛ 2: ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЈНОСТИТЕ/АКТИВНОСТИТЕ И ЛОКАЦИЈАТА

### 2.1 Дејности/активности за кои се однесува барањето

| *Специфицирајте ја дејноста/ активноста за која се поднесува барањето :* | *Означете со √/x* | *Наведете број на места на зафаќање/црпење/акумулирање:* | *Назив на местото* |
|---|---|---|---|
| Црпење на вода | | | |
| Зафаќање на вода | | | |
| Акумулирање и зафаќање на вода | | | |
| Други активности кој влијаат врз режимот на водите и/или морфологија на водното тело (пример. пренасочување на водата) | | | |
| | | | |

### 2.2. Податоци за локацијата на местото на зафаќање/црпење/акумулирање

Внесете податоци за секоја локацијата на местата на зафаќање/црпење/акумулирање за кои што се поднесува барањето по називот на местото :

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Координати на локацијата на местото на зафаќање (Gauss Kruger) | X1 | | | | | | | |
| | Y1 | | | | | | | |
| Координати на локацијата на местото на зафаќање (Gauss Kruger) | X2 | | | | | | | |
| | Y2 | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Координати на локацијата на местото на зафаќање (Gauss Kruger) | X3 | | | | | | | |
| | Y3 | | | | | | | |
| Координати на локацијата на местото на зафаќање (Gauss Kruger) | X4 | | | | | | | |
| | Y4 | | | | | | | |
| Координати на локацијата на местото на зафаќање (Gauss Kruger) | X5 | | | | | | | |
| | Y5 | | | | | | | |
| Координати на локацијата на местото на зафаќање (Gauss Kruger) | X6 | | | | | | | |
| | Y6 | | | | | | | |
| Број на катастарска парцела *(се внесуваат сите катастарски парцели на кои се наоѓа локацијата на водостопанскиот објект за зафаќање/ црпење/ акумулирање)* | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| Катастарска општина | | | | | | | | |
| Населено место | | | | | | | | |
| Општина | | | | | | | | |
| Напомена : се пополнуваат дополнителни редови по потреба; во случај на повеќе места на зафаќање се пополнуваат за секое место на зафаќање, црпење акумулирање поединечно. | | | | | | | | |
| *Внесете податоци за локацијата на местата на испуштање на водата* | | | | | | | | |

<table>
<tr><td rowspan="2">Координати на локацијата на местото на испуштање (Gauss Kruger)</td><td>X</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Y</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="9">Се пополнуваат дополнителни XY редови по потреба</td></tr>
<tr><td rowspan="4">Број на катастарска парцела<br>(се внесуваат сите катастарски парцели на кои се наоѓа локацијата на водостопанскиот објект испуштање)</td><td colspan="8"></td></tr>
<tr><td colspan="8"></td></tr>
<tr><td colspan="8"></td></tr>
<tr><td colspan="8"></td></tr>
<tr><td>Катастарска општина</td><td colspan="8"></td></tr>
<tr><td>Населено место</td><td colspan="8"></td></tr>
<tr><td>Општина</td><td colspan="8"></td></tr>
<tr><td colspan="9">Напомена : податоците за локацијата на местото на испуштање се доставуваат доколку водата зафатена од едно водно тело, после користење се испушта во истото водно тело (на пример. за хидроелективни централи и рибници)</td></tr>
<tr><td colspan="9">2.3. Податоци за водното тело од кое ќе се користи водата:</td></tr>
<tr><td colspan="9">ВИД НА ВОДИ:</td></tr>
<tr><td>☐ ПОВРШИНСКИ ВОДИ<br>☐ Постојан водотек<br>☐ Повремен водотек<br>☐ Езеро<br>☐ Акумулација<br>☐ Извор</td><td colspan="8">☐ ПОДЗЕМНИ ВОДИ</td></tr>
<tr><td>НАЗИВ НА ВОДНОТО ТЕЛО:</td><td colspan="8"></td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| НАЗИВ НА ПОДСЛИВ: | |
| НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕ НА РЕЧЕН СЛИВ: | |
| Напомена : доколку зафаќањето се врши од повеќе водни тела се пополнуваат дополнителни редови по потреба и се внесуваат на податоците за секое водно тело | |
| **2.4. Постојни дозволи кои се поврзани со локацијата на која се однесува барањето** | |
| *(пр. Дозвола за испуштање во води, издадени концесии и јавно приватно партнерство, дозвола за експлоатација на минерални суровини, интегрирана еколошка дозвола или дозвола со оперативен план, дозволи согласно Законот за управување со отпад, дозволи согласно законот за заштита на природата, дозвола за подземни води, водостопанска согласност).* | |
| Документ: | Орган:<br>Број :<br>Датум:<br>Времетраење на дозволата: |
| Документ: | Орган:<br>Број :<br>Датум:<br>Времетраење на дозволата: |
| Документ: | Орган:<br>Број :<br>Датум:<br>Времетраење на дозволата: |
| Документ: | Орган:<br>Број :<br>Датум:<br>Времетраење на дозволата: |
| Документ: | Орган: |

| | |
|---|---|
| | Број :<br>Датум:<br>Времетраење на дозволата: |
| Документ: | Орган:<br>Број :<br>Датум:<br>Времетраење на дозволата: |

*Напомена : се пополнуваат дополнителни редови по потреба*

### *ДЕЛ 3:ПОДАТОЦИ ЗА ВОДОСТОПАНСКИОТ ОБЈЕКТ ЗА ЗАФАЌАЊЕ/ЦРПЕЊЕ/АКУМУЛИРАЊЕ НА ВОДАТА И НАМЕНА НА ВОДАТА*

### *3.1. ВИД НА ВОДОСТОПАНСКИ ОБЈЕКТ*

*ЗА ПОВРШИНСКИ ВОДИ :*

- ☐ *3.1.1. БРАНА*
- ☐ *3.1.2. ЗАФАТ НА ВОДОТЕК*
- ☐ *3.1.3. КАПТАЖА*
- ☐ *3.1.4. ПУМПНА СТАНИЦА*
- ☐ *3.1.5. ДРУГО (наведете)*______________________

*ЗА ПОДЗЕМНИ ВОДИ :*

- ☐ *3.1.6 ХОРИЗОНТАЛЕН ЗАФАТЕН ОБЈЕКТ (ГАЛЕРИЈА И ДР. )*
- ☐ *3.1.7. ВЕРТИКАЛЕН ЗАФАТЕН ОБЈЕКТ (БУНАР)*
- ☐ *3.1.8. ДРУГО (наведете)*______________________

Напомена: доколку се зафаќа со повеќе водостопански објекти, да се назначат сите водостопански објекти со кои што се врши зафаќањето

### Дел 3.2.: НАМЕНА И КОЛИЧЕСТВО

| **3.2.1. Наведете ја намената на водата која се зафаќа или црпи за секоја од категориите** | (назначете соодветно со : √/x) | Назначете ја шифрата за секој објект од точка 3.1. поединечно | Количество на зафатена/исцрпена вода за секоја намена вкупно по зафатен објект (во $m^3/s$ или во l/s) |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот и напојување на добиток | | | |
| Наводнување на земјоделско земјиште и јавни површини | | | |
| Индустриски, технолошки и стопански потреби | | | |
| Полнење на водата во шишиња за комерцијални потреби | | | |
| Производство на електрична енергија и други погонски потреби | | | |
| Одгледување риби, водни птици итн. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Миење и сепарирање на песок, чакал и камен | | | |
| Апсорпција на топлинска енергија од геотермални води | | | |
| Хидрогеолошки истражувања и собирање податоци | | | |
| Други намени Наведете ја намената _______________ | | | |

| **3. 2.1.1. Вкупно максимално количество на вода која ќе се црпи/зафаќа во $m^3/s$ или во l/s за секое место на зафаќање по сите намени и места на зафаќање** | **Место на зафаќање** | **$m^3/s$ или во l/s** |
|---|---|---|
| | | |

| 3.2.1.2. Вкупно потребно количество на вода (според доставената техничката документација) за кое се поднесува барањето | | | |
|---|---|---|---|
| Месец | | $(m^3 /s)$ | |
| I | Јануари | | Забелешка: |
| II | Февруари | | |
| III | Март | | |
| IV | Април | | |
| V | Мај | | |
| VI | Јуни | | |
| VII | Јули | | |
| VIII | Август | | |
| IX | Септември | | |
| X | Октомври | | |
| XI | Ноември | | |
| XII | Декември | | |
| ВКУПНО | | | |

| ДЕЛ 4. ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНИОТ ПРОЕКТ | |
|---|---|
| НАЗИВ: | |

| | |
|---|---|
| ТЕХНИЧКИ БРОЈ: | |
| ИЗРАБОТУВАЧ: | |
| ГОДИНА НА ИЗРАБОТКА: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ДЕЛ 5. ПОТПИС И ПЕЧАТ НА ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО** | | | |
| | | | |
| **НАЗИВ:** | | | |
| **ТЕХНИЧКИ БРОЈ:** | | | |
| **РЕВИДЕНТ:** | | | |
| **ГОДИНА НА ИЗРАБОТКА:** | | | |
| **ДЕЛ 6. ПОДАТОЦИ ЗА ДРУГИ ДОКУМЕНТИ** | | | |
| **Назив на документот** | **Број на документот** | **Датум на издавање** | **Изготвен/одобрен од:** |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

<table>
<tr><td>Потпис:</td><td></td><td>Име и презиме:</td><td></td></tr>
<tr><td>Својство:</td><td></td><td>Датум:</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">МП.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="2">Само за пренос на дозвола</td><td>Согласност на новиот титулар:</td><td></td><td>Име и презиме:</td><td></td></tr>
<tr><td>Својство:</td><td></td><td>Датум</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="5">МП.</td></tr>
</table>

**ИЗЈАВА ЗА ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПОДАТОЦИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД СТРАНА НА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ**

Јас долу потпишаниот, изјавувам под кривична, материјална и морална одговорност дека материјалните и финансиските податоци презентирани во прилог на барањето за добивање на дозвола за користење на вода, доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање, се точни и веродостојни и во целост одговараат на фактичката состојба на барателот.

| | |
|---|---|
| Назив на правното лице: | |
| Име и презиме на одговорното лице во правното лице: | |

| | |
|---|---|
| Датум | Место: |
| М.П. | |

Потпис на одговорното лице